Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 28-та седница одржана на 16.07.2020 година, во врска со Предлогот бр.03-2929/1 од 15.07.2020 година за покренување прекршочна постапка против Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонско радио – Прв програмски сервис, го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен надзор над изборното медиумско претставување на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонско радио – Прв програмски сервис, бр.10-2928/1 од 15.07.2020 година и утврди прекршување на Изборен законик.

2. Советот заклучи против Радискиот програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонско радио – Прв програмски сервис да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи спротивно на член 76-б став 3 од Изборниот законик, наведениот радиодифузер на 14 јули 2020 година во неколку дневноинформативни изданија емитуваше прилози за активности на Министерството за внатрешни работи за спречување потенцијален криминал поврзан со изборниот процес во кои е емитувана изјава од прес-конференција на министерот за внатрешни работи Наќе Чулев (со тонски запис или прекажана).

3. Се задолжува Секторот за правни работи да го изготви барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот радиодифузер.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:
   - Раководителите на сите сектори во Агенцијата,
   - Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка,
   - Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата,
   - Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Бр. 02-2924/2**

**16.07 2020 година**
**С к о п ј е**

во 13:27

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА / REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Agjencia për shërbime mediatike audio dhe audiovizuele
СКОПЈЕ / SHKUP